Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМСКА И БУЏЕТСКА РЕАЛИЗАЦИЈА

**на**

**Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Р. Македонија за 2018 година**

### 1. Опис на постигнувања

- Вкупен број на лица опфатени со мерката „Згрижување и лекување на лицата кои се сместени во психијатриските установи со изречена мерка од надлежен суд – задолжително лекување и чување во психијатриска установа“ изнесува 185-197 пациенти.

| ЈЗУ | Број на пациенти за 2018 |
|---|---|
| Психијатриска болница "Скопје" Скопје | 65-70 |
| Психијатриска болница Демир Хисар | 60-63 |
| Психијатриска болница "Негорци" Гевгелија | 60-64 |

- Број на лица за кои е обезбедена партиципација за дневно болничко лекување во центрите за ментално здравје изнесува 625-685 пациенти.

| ЈЗУ | Број на пациенти за 2018 |
|---|---|
| Психијатриска болница "Скопје" Скопје | 135-160 |
| Психијатриска болница Демир Хисар | 269-279 |
| Клиничка болница Тетово | 163-175 |
| Здравствен дом Струмица | 13-20 |
| Општа болница со проширена дејност Гевгелија | 45-51 |

- Душевните растројства опфаќаат широк круг на заболувања, вклучувајќи ги органските, симптоматските, невротските, растројствата во расположението

(афективни растројства), шизофрениите, шизотипните и налудничавите растројства, душевната заостанатост и другите душевни растројства.

Светските искуства покажуваат дека кај повеќе од една половина од вкупно дијагностицираните лица, овие растројства добиваат хроничен тек, т.е. периодите на подобрување се заменуваат со периоди на влошување и повторна појава на знаците на растројството. Поради природата на болеста, но далеку повеќе како резултат на општествениот став и предрасуди, во кои доминира неприфатеност, маргинализација и отфрлање, голем број лица со душевни растројства остануваат долготрајно, па дури и доживотно хоспитализирани, при што се создава таканаречен хоспитализам.

- Следејќи ги и препораките на СЗО, се премина кон зајакнување на достапноста на овие услуги преку развивање на различни форми на вонболнички третман во локалната заедница, содржани во т.н. Центри за ментално здравје во заедницата, со целосен сеопфатен дневноболнички третман на пациентите. За целосно, адекватно, навремено, ефикасно и економично решавање на овие проблеми неопходно е вклучување на целата општествена заедница, пред се преку соодветните институции и установи во рамките на ресорните министерства, а во тесна соработка и координација со сите останати заинтересирани субјекти.

Во тек на 2018 година се вршеа подготвителни активности за отварање на два нови Центри за ментално здравје, во град Битола и град Кичево кои се надеваме ќе започнат со функционирање во 2019 година и истите ќе работат во рамки на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар.

- Регионални центри за депресија функционираа во 2017 во следните градови**.**

**2.**

| ЈЗУ | Вкупно прегледи започнувајќи од 2014 |
|---|---|
| **ЗД Скопје** | |
| **Поликлиника МВР (**понеделник) | 26 |
| **Поликлиника Чаир** (вторник) | 96 |
| **Поликлиника Букурешт (**среда) | 99 |
| **Поликлиника Јане Сандански** (четврток) | 78 |
| **Поликлиника Ченто** (петок) | 135 |
| Вкупно | 434 |
| ЗД Делчево | 438 |
| ЗД Железничар | 24 |
| ЗД Тетово | 84 |

**Извештај за програмска и буџетска реализација на активностите финансирани од основниот буџет на Министерството за здравство и буџетот на самофинансирачки активности**

| | Активност | Износ | Реализиран обем на активности | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Судски случаи (лица со изречена мерка задолжително чување и лекување) – заедно со превземени обврски од 2017 година | 42.000.000,00 | | 41.553.148,00 |
| 2. | Партиципација за пациентите кои се лекуваат во центрите за ментално здравје- заедно со превземени обврски од 2017 година | 5.000.000,00 | | 5.446.852,00 |
| | **ВКУПНО** | **47.000.000,00** | | **47.000.000,00** |

**3. Преглед на исплатени средства по извршители на програмата**

| Извршител | Износ на исплатени средства |
|---|---|
| **Универзитетска клиника за психијатрија** | **/** |
| **ЈЗУ Психијатриска болница – Скопје (судски случаи)** | **13.185.673,00** |
| **Психијатриска болница – Демир Хисар (судски случаи)** | **13.175.753,00** |
| **Психијатриска болница – Негорци (судски случаи)** | **14.962.322,00** |
| **Јавни здравствени установи кои имаат центар за ментално здравје како организациона единица** | |
| **ЗД Струмица** | **75.600,00** |

| | |
|---|---|
| **КБ Тетово** | **525.200,00** |
| **ОБПД Гевгелија** | **221.600,00** |
| **ПБ Скопје** | **1.906.050,00** |
| **ПБ Демир Хисар** | **2.718.402,00** |
| **Јавни здравствени установи каде функционираат центри за депресија** | |
| **ЗД Скопје** | **/** |
| **ЗД Делчево** | **/** |
| **ЗД Железничар** | **/** |
| **Здружение на психијатри на РМ** | **/** |
| **Здружение на психолози на РМ** | **/** |
| **Комисија за ментално здравје** | **/** |
| **ВКУПНО**: | |

Забелешка:

1. За Здружението на психијатри, Здружението на психолози и Комисијата за ментално здравје нема предвидено средства

2. Здравствените установи каде нема исплатено средства, а се наведени во табелата, немаат доставено ф-ри до Министерството за здравство

Подготвил: Д-р Даница Стевковска

Одобрил: Прим. Д-р Сузана Маневска, Раководител на Сектор

---

Форматот на извештајот за програмска и финансиска реализација на Програмата за активна здравствена заштита е подготвен во скоп на активностите за Отворено Владино Партнерство усвоени од Владата на РСМ, а во насока на унапредување на фискалната транспарентност. Форматот на извештајот е подготвен од Министерството за здравство и Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ.